Врз основа член 120 став 9, член 123 став 10 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18) и член 51 став 3 од Статутот на Општина („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07 11/08, 07/09, 16/09, 4/11 и 13/14), донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА
ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА -
ДЕТСКА ГРАДИНКА „АСТИБО" ШТИП

1. За директор на Општинска јавна установа за деца - детска градинка „Астибо" Штип **се избира Билјана Трајчевска** - дипломиран професор воспитувач.

2. Директорот се избира врз основа на предлогот на Управниот одбор на ОЈУДГ„Астибо" Штип, број 02-249/5 од 19.07.2018 година.

3. Директорот Билјана Трајчевска се избира за време од 4 години, а ќе ја врши функцијата сметано од **23.07.2018** година.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник" на Општина Штип.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 120 став 9 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18) директорот на јавна детска градинка го избира и разрешува градоначалникот на општината.

Согласно член 120 став 11 од истиот закон директор на јавна установа за деца се избира, односно именува за време од 4 (четири) години.

Согласно член 123 став 10 од Законот за заштита на децата(„Службен весник на РМ" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18), градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлог за директор од Управниот одбор на јавната установа врши избор на директор.

До градоначалникот на Општина Штип доставен е предлог од Управниот одбор на ОЈУДГ „Астибо" Штип број 02-249/5 од 19.07.2018 година со кој како кандидат за избор на директор на установата е предложена Билјана Трајчевска.

Поради горе наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение незадоволната страна има право на жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-2907/3
23.07.2018 година

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски